Подготвил:
**Александар КЕЛТАНОСКИ**

## BLUETOOTH СЛУШАЛКИ СО LCD ЕКРАН



"Jabra" го претстави новиот производ - Bluetooth слушалки со ознаката BT 4010. Она што производителот го нарекува "Smart Display" е всушност мал LCD екран на кој се прикажуваат информации за моментната состојба на батеријата, Bluetooth врската и состојбата на повици. Слушалките се компатибилни со Bluetooth 2.0+ EDR спецификациите, и поддржуваат автоматска конекција со мобилниот.

Овој нов сет слушалки е многу пријатен за носење, и нема потреба за спуштање "горе-долу" по менито бидејќи сè е автоматизирано. Траењето на батериите е декларирано на 6 часа разговор, односно до 150 часа во мирување. "Jabra" на американскиот пазар ќе ги понуди слушалките во текот на овој месец, а цената ќе изнесува околу 60 долари, која не е висока со оглед на нивниот квалитет.



## CREATIVE ZEN ОД 32GB



Компанијата "Creative" ја објави продажбата на својот најпопуларен плеер - ZEN со капацитет од 32 гигабајти. Новите плеери ќе се продаваат во Европа, а во нив ќе можат да се складираат 16.000 музички фајлови, 110 часа видео или околу 10.000 фотографии. Дополнително, плеерите можат да се надградат со дополнителна меморија, и тоа преку слот за SD картици, какви што се користат и во дигиталните камери. ZEN е мултифункционална направа и овозможува слушање музика во AAC формат, како и репродукција на MP3 и WMA аудио фајлови. Плеерот поддржува и видеорепродукција во DivX/XviD формат.

